Душан Ристевски-Македон

ЧЕНТО

Dushan Ristevski- Macedon

CHENTO

ISBN 978 0 6484318 2 4

Душан Ристевски-Македон

ЧЕНТО

(МОНОДРАМА ПОСВЕТЕНА НА МЕТОДИЈА АНДОНОВ ЧЕНТО)

DUSHAN RISTEVSKI-MACEDON

CHENTO

(MONODRAMA DEDICATED TO METODIJA ANDONOV CHENTO)

43 години промовирање на македонскиот јазик и литература

43 years of promoting Macedonian language and literature

14 години промовирање на македонска театарска уметност

14 years of promoting Macedonian art and theatre

Душан Ристевски-Македон
ЧЕНТО
(Монодрама)

Издава Македонското литературно друштво „Григор Прличев“
P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216 – Australia
Март 2021

Издавањето финансиски помогнато од Австралиско македонскиот театар од Сиднеј
Рецензент: Фиданка Танаскова
Превод: Ристо Стефов
Корица: Душан Ристевски
Технички уредник: Александар Донски
Печатено во Македонија
***

Dushan Ristevski - Macedon
CHENTO
(Monodrama)

Published by the Macedonian Literary Association “GrigorPrlichev”
P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216 – Australia
March 2021

Publication financed by the Australian Macedonian Theatre of Sydney
Reviewer: FidankaTanaskova
Translator: Risto Stefov
Cover designed: Dushan Ristevski
Technical Editor: Aleksandar Donski
Printed in Macedonia
* * *

Copyright by Dushan Ristevski
National Library of Australia card number and
ISBN 978 0 6484318 2 4

ЧЕНТО
ИДЕОЛОГ ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

ГЛАС: „Пресуда! Од името на народот: Методија Андонов Ченто (44) се лишува од слобода 11 години, со присилна работа и губење на политички и одделни граѓански права, освен родителските...
Окружен народен суд во Скопје.
Пресудата е според Законот за кривични дела против народот и државата.
Скопје, 23.11.1946 година“

(*Во позадината се слуша звук од синџири и отворање на врата од затворска ќелија. Излегува човек (Ченто), облечен во затворски алишта и наметнат со долго палто, гордо исправен, бавно излегува на сцената. Рацете и нозете му се врзани со синџири. По него излегува затворскиот чувар кој турка пред Ченто порција со некакво јадење и чаша со вода)*

ЧЕНТО: Што има денес за јадење?

ЧУВАР: Како вчера – грав.

ЧЕНТО: Пак грав... а колку зрна има?

ЧУВАР: Да ми простиш... не ги броев. Ајде јади и не агитирај против државата.

ЧЕНТО: Ќе јадам... имам време...ништо друго немам, ама време имам.

ЧУВАР: Вчера, рече дека сакаш нешто да ми кажеш... или раскажеш...

ЧЕНТО: Ах! Да. (*Застанува на средината од сцената. Рацете ги крева високо, синџирите sвечат, ги спушта долу и гледа во празната длабочина пред себе*. *Гледа наоколу со сомнеж. Се обраќа кон публиката*)

Што да ви кажувам бре луѓе?... Знам дека сте се насобрале... да ме видите или сакате да ме сожалите... или да ми се подбивате или пак... да ме предадете...

Како и да е, јас сум веќе умрен… овде внатре... во душава... не можам по два пати да умирам... не!

А дали го знаете тоа дека прилепчанецот е делкан од мермер, а мермерот секогаш живее во различна форма... (*Се потсмева*. *Како во шепот*)

До вчера, мислев дека мариовците се најтврдиот народ, но грешев, од прилепчанец нема потврд... а можеби и најтврдоглав народ... Само немојте да ми се лутите, како што знаете, ние прилепчани сме и добри мајтапчии...

А дали знаевте дека во Прилеп се родени најголемите борци за Македонија... и не е случајно што востанието против бугарските и германските фашисти започна токму во Прилеп, во градот под Марковите Кули. Имињата како Борка Талевски, Кузман Јосифовски, Мирче Ацев, Јоска Јорданоски, Љубен Лапе, Димче Мире... не се заборааат.

Ех бре Македонци, што да ви кажувам... вие сте млади и ништо не знаете, а и да сте постари, нема фајде. Нашите постари не биле будали што

рекле дека секој треба да си ја гледа работичката, секој да си ја гледа маката оти секоја „планина си има своја тежина“. И немојте да ме прашувате за тоа како поминав во зандана девет години... зандана си е зандана... оти можат назад да ме пикнат па дури и вас да ве заберат... Со власта не се игра „ашици“, како што би рекле прилепчани в чаршија.

Што да ви кажувам... Се родив во сиромашно семејство, прво машко дете по смртта на моите три сестри – тие го платија суровиот данок на сиромаштијата. Татко ми умре од тешката болест и на моите 17 години станав главата на семејството и така се вработив во прашливиот прилепски монопол.

Во 1930 година склучив брак со Василка Поп Атанасова. Ни се родија четири деца: Илија, Андонче, Владе и Маре.

Тешкотијата, ме направи да го завршам Трговското училиште и да работам во прилепската чаршија, да станам крчмар и во мојот дуќан да организирам средби со интелигенцијата од Прилеп и да се восхитуваме на нашите прилепчани: Ѓорче Петров и Пере Тошев. Легнував и станував со мислите на Гоце, Јане, Даме и Питу. Бев горд што во нашите жили тече борбениот дух на Филип, Александар и Самоил. Се восхитував од нашиот милозлив поетски збор кој го читав во делата на Миладиновци и Прличев. Се гордеев што потекнувам од библиска земја.

Уште во 1935 година за прв пат се „запознав“ со затворските ќелии поради идејата за

независна самостојна Македонија. И од тогаш „аир не видов“, како што велат прилепчани - во затвор поминав повеќе години отколку на слобода.

Кога вториот пат бев затворен во 1940 година поради Илинденските протести мојата мајка ја испушти својата измачена душичка.

Преку таканаречените „демократски избори“ во стара Југославија уште од почетокот увидов дека ниедна српска партија не стоеше зад Македонија ниту сакаше да им „поддаде рака на Македонците“. Еднаш им реков: Не! Српската држава ни зема, нè краде, а ништо не ни дава! Оставете нè ние самите да ја управуваме слободна Македонија! Нашиот пат се нашите илинденци! Па почнааа да ме нарекуваат „автономист“ и „сепаратист“, противник на српскиот режим.

Замислите, една анкета се направи во Прилеп и од сто луѓе, деведесет и осум се искажале дека се против српскиот режим. А најтешко на режимот му беше кога секаде на јавните места се зборуваше македонскиот јазик, посебно кога во Народната гимназија учениците одбија да зборуваат на српски јазик. Се сеќавам, на средбата со родителите, јас им реков: Никој не може и не смее да го бара тоа, нашите деца да не го зборуваат мајчиниот македонски јазик.

Потоа следуваше тортура, ребрата ми ги ги искршија, бубрезите уништија... не можев на стапалата да застанам ниту на колената да клекнам... како што рекоа, поради „кршење Законот за заштита и безбедност на поредокот“.

Државниот суд во Белград ме осуди на

смрт и кога така врзан стоев на столбот на смртта, егзекуторите пред да ми ги врзат очите, по притисок и барање на мои видни прилепчани, претседателот на судот ме ослободи. Можеби благодарение на окупацијата од Германија главата повторно ја извлеков.

Но, мојата радост беше краткотрајна. Сега Бугарија ја презеде Македонија и тие почнаа да ги играат истите игри како Србите за да нѐ „обединуваат“ кон Бугарија, но јас им реков: Јас се борам за обединета Македонија и за националните права на својот народ, а не за обединување кон Бугарија, Србија или Грција, туку за самостојна обединета Македонија.

Пак „заработив“ апсење и малтретирање, а и стрелањето не ми бегаше. Заборавив колку денови поминав во зандaните во Прилеп, Скопје, Софија, Пловдив, Златоград...

Но, ништо не ме скрши, туку напротив ме поттикна да им се придружам на партизанските одреди и да застанам на чело на Иницијативниот одбор за АСНОМ. Ете тука се формулира најглавната точка за формирање на Република Македонија, а мојот став од самиот почеток беше многу јасен: Македонскиот народ има историски национален стремеж за обединување на сите делови на Македонија, а со тоа да се стави крај на ропството во сите делови на македонската земја.

Се сеќавам, мојот соборец, илинденецот, Панко Брашнаров на заседаниетона АСНОМ ќе рече: Душата ми е преполна со радост, ќе го избришеме десетвековниот ропски срам од

пропаста на Самоиловата држава за да се роди денес нова, светла и слободна македонска земја.

Да, уште во почетокот градевме една држава..... Македонска Република... оти ние сме достојни синови на бесмртните борци на славната илинденска епопеја. Ние сме одживеале најголемо ропство на Балканот – знаете ниеден наш човек не смееше да каже дека е, тоа што е – Македонец!

Но, за жал, сите немаа исто мислење, нивните лични интереси беа поважни од интересите на Македонскиот народ, поготово на оние што сакаа да се „мешаат во нашите работи“ од Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија. А таму имаше доста наши Македонци, кои ете, поради околностите беа под влијание на “југословенската идеологија“.

Но јас не им се плашев и никогаш не попуштав. Им реков: „Мојот долг е да го изнесам пред вас тешките преживувања на нашиот народ во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија кои се принудени да се борат за свој опстанок и живот – единствена вина на тие наши браќа е дека сакаат да живеат свој човечки живот и слободно национално, културно и политички да се развиваат, слободно да учат и да зборуваат на свој мајчин јазик...“

Ме прашувате кој беше мојот грев? А дали беше тоа грев што кажав дека: Не се боревме само за самостојна Македонија, туку и за економско независна Република Македонија (во тогашната Југословенска Федерација). Не сакав парите од тутунот, афионот и памукот да одат во

југословенската каса, туку да останат во македонската.

Барав на грешниците, поради војната и влијанијата од страна, да им суди народен суд, а не да застанат пред ѕидот на смртта...

На Македонскиот црковно-народен собир, барав Македонскиот народ да има полно историско право да има своја автокефална црква...

Но, на некои тоа не им одговараше и ова мое гледиште го оценија како „нарушување на братството и единството на југословенските народи“.

Се залагав за принципот: Самоопределување на Републиката до отцепување – а тоа беше примено како атомска бомба од Комисијата за донесување на првиот Устав во 1946 година.

Ете сето ова, мои браќа и сестри, им ја „отвори вратата“ на оние што сакаа да ме турнат, на кои им бев трн во очите – па прогласен бев за виновник, со тврдо држење, со непокорно мислење и став. Моите предлози и заложби се видени како атак врз новите мерки и потези на новата држава. Жестоките критики ме гушеа и ме натераа да дадам оставка од Президиумот.

Со тешка душа се вратив во Прилеп за да ја продолжам мојата терзиска работа, но ни тука не ме оставија да мирувам – историјата знае да се повторува повеќе пати. Сега нашата УДБА ме зароби. А зошто сум крив, ајде кажете вие? Крив сум дека се залагам за обединување и независна Македонија? Јас не се плашам од никого, а

најмалку од оние кои до вчера, додека ние се боревме по планините, тие седеа дома и како гниди се топлеа пред огнот, а сега на тутунски кантар мерат кои се поголеми Македонци и кои се поголеми Југословени.

Не се срамам да кажам дека сум Македонец и треба да знаете дека од Македонец никогаш нема да направиш Југословен, ниту Србин, ниту Бугарин, ниту пак Грк или Албанец... Од мермер не се прави сирење...или пак урда-изварка...

Најмалку се надевав оти вака ќе биде, ниту сум заслужил вака да ме апсат и овде да ме донесат. Па и јас сум дал нешто за оваа Македонија...нели!? Точно е тоа дека сум сакал Македонија да се обедини, секој прав Македонец го бара и го сака тоа. Да се има право и да се самоопредели. Ова не го кријам бидејќи го сметам за свој долг, како Македонец...

Во почетокот Србите, а потоа Бугарите, ме заплашуваа со убиство, ме судеа и затвораа, но никогаш не се надевав дека и Македонците, моите прилепчани, ќе ми се фалат со убиство и ќе завршам во зандана, и тоа во македонска зандана... Да! Да повторам, ми судеа мои прилепчани...а тоа беше наместено трагикомично судење со платена публика... каде бев исмејуван и понижуван.

Но затворите, ни тепањето и малтретирањето не ми го сменија моето мислење за Македонија. Останав чесен Македонец, принципиелен и целосно предаден на идејата, за борба против окупаторите и тешката поделба на Македонија. Јас не сум важен, туку важни се

идеалите од кои никогаш не сум ги напуштил. Цврсто застанав и останав на своите убедувања. Ме наседнаа некои мрсулковци кои ете поради моите залагања сега слободно зборуваат македонскијазик. Реков, ме наседнаа некои кариеристи, неморалисти, расипани, гадови од луѓе... а ние чесните идеалисти кои се боревме за правда и вистина останавме да гниеме во затворите.

Поминав пет и пол години во самица – немав ниту сонце, ниту месечина видено – сакаа мозокот да ми го испијат. Заборавив дури да зборувам, а со кој ќе зборувам? Со стаорците или лебарките... или пак со вошките!? Знам, ова е мојата судбина како и неизвесната судбина на многу наши Македонци кои поради своите патриотски идеали гниеја и сè уште гнијат по српските, бугарските, грчките и ете сега и по југословенските затвори. Судбина, која мораше да ја платам, не дека пресудата ја заслужив, божем поради „направените гревови“ дека сум предавник, шпион, грешник, соработник со непријателите и со странските сили... Ѓомити сум бегал преку граница и таму ме уапсиле! Ме уапсија дома, рано изутрина, додека мојата Василка и дечињата спиеја.

Подобро ќе беше да ме избришеа од живите. Овие мои две раце да ми ги отсечеа немаше да офнам или да ги жалам, ама да ми фрлаат вакви клевети и гревови... тие со тоа секој ден ме убиваат... ми сечат делови од мојата гордост... верба... надеж... идеал... љубов за она што сум се борел.

(*Ченто изгледа разочарано и изнемоштено - со несигурност гледа наоколу. Се слуша гласот на неговата жена, Василка*)

ВАСИЛКА: Ах, Методи... Методи...!

(*До него дотрчува млад човек - неговиот син и се прегрнуваат. Прангите од нозете и рацете му паѓаат – во транс ги крева рацете, ја искажува слободата).*

ЧЕНТО: (*Извикува*) Ах Македонијо, Македонијо...

(*Чуварот му приоѓа и му подава пакет завиткан со весници и заврзан со канап. Чуварот излегува и зад него затворската врата тешко со чкрипење се затвора*).

СИНОТ: Ајде тато... те чекаат дома...

ЧЕНТО: Дома... велиш дома... кај мојата Василка и милите дечиња за кои никогаш немав време... оти божем на Македонија ѝ бев потребен!... (*Го погалува синот по главата)* Ете пораснаа, а јас не ги видов, ниту тие ме видоа мене... Најтешко ми беше што не можев да си ги галам ни да ги бакнувам... израснаа така во страв... се плашеа како некои срнички во темната шума од крволочните волци...

(*Двајцата прегрнати, се упатуваат кон излезот со бавни чекори*)

СИНОТ: Тато, дај ми го пакетот јас да го носам.

ЧЕНТО: (*Со двоумење му го поддава*) Еве... само е доста тежок...

СИНОТ: Што носиш?

ЧЕНТО: Животот синко, животот...

СИНОТ: Ајде, да побрзаме... возот ќе ни замине...

ЧЕНТО: Не брзај... животот е пред тебе... Ти си млад оди пред мене, ќе те стасам...

(*Излегуваат – затемнување на сцената*)

КРАЈ

(Октомври, 2015 година)

World Premiere of the Monodrama

CHENTO

Performed by Vasko Srbinovski
Written by Dushan Ristevski
Directed by Stefo Nantsou
Free event
28 November 2015, 7pm, Civic Theatre, MacMahon St Hurtsville



First Annual
2015 Macedonian Theatre Awards
Aleksandar The Great

Best supporting actor award
Best supporting actress award
Best newcomer award
Best actress award
Best actor award
People's choice award
Life achievment award

Entertainment with:

Macedonian cultural and artistic Association Iliden.
Performance by Bozin Bojkoski on Macedonian traditional instruments.
Theatrical performance by members of the AMTS.

AUSTRALIAN MACEDONIAN THEATRE OF SYDNEY

CHENTO
IDEOLOGIST FOR A UNITED MACEDONIA

VOICE: "Verdict! On behalf of the people: Metodia Andonov-Chento (44) was deprived of his freedom for 11 years. He was sentenced to hard labour and, except for his parental rights, lost all his political and individual civil rights…
District People's Court in Skopje. The verdict was pronounced in accordance with the Law on Crimes Against the People and the State.
Skopje, November 23, 1946"

(In the background, there is the sound of chains and the door of a prison cell opening. A man (Chento) comes out, dressed in a prison robe wearing a long coat, standing proudly upright and slowly appears on the stage. His hands and feet are chained. Behind him out comes a prison guard who is pushing a portion of some kind of food and a glass of water in front of him.)

CHENTO: What is there to eat today?

GUARD: Beans, just like yesterday.

CHENTO: Beans again... and how many beans are there?

GUARD: Excuse me... I did not count them. Come eat and don't agitate against the state.

CHENTO: I will eat... I have time... I have nothing else but I do have time.

GUARD: Yesterday, you said you wanted to tell me something... or tell me a story...

CHENTO: Ah! Yes. *(Chento is standing in the middle of the stage. He raises his hands up high, the chains make a noise, he then lowers them down and looks at the empty depth in front of him. Soberly looking around at the audience*)

What can I tell you people... I know you have gathered here... to see me or do you want to pity me... or taunt me again or... betray me... However it may be, I am already dead... in here... in my soul... I can't die twice... no!

And do you know that the Prilepchanets (inhabitant of Prilep) is carved out of marble, and the marble always lives in a different form... (*He smiles. As in a whisper*).

Until yesterday, I thought the Mariovtsi (inhabitants of Mariovo) were the hardest (strongest) people, but I was wrong; there is no harder (stronger) person than a Prilepchanets… And maybe even the most stubborn people... Just don't be angry with me, as you know, we the people of Prilep are also good larrikins... And did you know that the greatest fighters who fought for Macedonia were born in Prilep... and it is no coincidence that the uprising against the Bulgarian and German fascists began right in Prilep, in the town under Marko's Tower. Names like Borka Talevski, Kuzman Josifovski, Mirche Atsev, Joska Jordanoski, Ljuben Lape, Dimche Mire... will never be forgotten. Ah, Macedonians, what can I tell you... you are young and you know nothing, and even if you were older, it would not matter. Our old people were

not fools when they said that everyone should look after their own affairs, everybody should worry about their own torment because every "mountain has its own weight". And don't ask me how I spent my time in dungeons for nine years... dungeons are dungeons... because they can again put me back in one… and even you... The people from the Prilep bazaar told you, you can't haggle with the government.

What can I tell you...? I was born into a poor family, the first male child after the death of my three sisters - they paid the cruel tax of poverty. My father died of a serious illness when I was seventeen years old and I had to assume his responsibility as head of the family and took on a job in the dusty Prilep monopoly. In 1930 I got married to Vasilka Pop Atanasova. We had four children together: Ilia, Andonche, Vlade and Mare. The difficulties of life forced me to go to a trade school and work in the Prilep bazaar where I learned to trade and opened my own tavern in which I organized meetings with the Prilep intelligentsia and mingled with Gjorche Petrov, Pere Toshev and other citizens of Prilep.
Always went to bed and got up with thoughts of Gotse, Jane, Damian and Pitu. I am proud that in our veins flows the fighting spirit of Philip, Alexander and Samuel. I admire our gracious poetic word which I read in the works of Miladinovtsi and Prlichev.
I am proud to belong to a biblical country.

I was made "familiar" with a prison cell for the first time as early as 1935, because of my ideas for an independent Macedonia. And since then, as the people of Prilep say, I haven't seen anything good

come of it. I spent more years in prison than being free. When I was imprisoned for the second time in 1940, because of my "Ilinden" protests, my mother lost her tormented soul.

From being involved in the so-called "democratic elections" in old Yugoslavia, from the beginning, I learned that no Serbian party was in support of Macedonia nor wanted to "lend a hand to the Macedonian people". I told them once: No! The Serbian state takes from us, steals from us, and gives us nothing back! Leave us alone to run our Macedonia freely! Our way should be guided by Ilinden! Because of that, they started calling me 'an autonomist' and 'a separatist', an opponent of the Serbian regime. Imagine, a poll was done in Prilep and out of a hundred people questioned, ninety-eight said they were against the Serbian regime. The hardest thing for the regime was when the Macedonian language was spoken in public, especially when students in the National Gymnasium refused to speak Serbian. At a parents meeting I remember saying: "No one has the right to ask that our children not speak their native Macedonian language."

After that torture followed, my ribs were broken, my kidneys were destroyed... I couldn't stand on my feet or kneel down... They said I had broken the law. I broke the "Law on Protection, Security and Order". The state court in Belgrade sentenced me to death and when they tied me to the executioner's pole, just before they placed a blindfold over my eyes, my prominent friends from Prilep put pressure on them

and requested my release. Perhaps, thanks to the German occupation, my life was again spared.

But my joy was short-lived. Now Bulgaria had taken over Macedonia and started playing the same games as the Serbians. The Bulgarians wanted to "unite" Macedonia but with Bulgaria. I told them: I am fighting for a united Macedonia but also for the national rights of its people, not for unification with Bulgaria, Serbia or Greece, but for a self-contained united and independent Macedonia. It seems like I had "forgotten" the arrests and harassment and especially the fact that I had almost been executed. It seems I forgot how many days I had spent in the dungeons in Prilep, Skopje, Sofia, Plovdiv, Zlatograd... but nothing broke me. On the contrary, my suffering pushed me to join a partisan detachment and head the ASNOM Initiative Board.

This was where the main point for the formation of the Republic of Macedonia was formulated, and my position from the outset was very clear: The Macedonian people have a historic national aspiration to unite all parts of Macedonia, thereby ending slavery in all of Macedonia.

I remember my comrade Panko Brashnarov, a man from the Ilinden era, at the ASNOM meeting saying: My soul is full of joy; we will now erase ten centuries of slavery - from the collapse of Samoil's state to today - by giving birth to a new, bright and free Macedonia. Yes, at the beginning we were building a state... a Macedonian Republic... because we were the worthy sons of the immortal fighters of the glorious Ilinden epic. We have experienced the

greatest slavery in the Balkans - you know that not a single Macedonian could ever freely say that they were what they were - Macedonian!

But unfortunately not everyone shared the same opinion, their personal interests were more important than the interests of the Macedonian people, especially those who wanted to "interfere in our affairs" with the Central Committee of the Communist Party of Yugoslavia. And there were a lot of Macedonians there, who, because of circumstances, were influenced by the "Yugoslav ideology".

But I was not afraid and never gave up. I told them: "It is my debt to bring to you the difficulties our people are having surviving in Pirin and Aegean Macedonia who are forced to fight for their lives. The only crime our brothers are guilty of is that they want to live their own lives and to freely develop nationally, culturally and politically and to freely learn to speak in their mother language..."

You ask me what my sin was.

And was it a sin to say that: We Macedonians fought not only for an independent Macedonia but also for the economically independent Republic of Macedonia (in the then Yugoslav Federation). I didn't want the tobacco, poppy and cotton money to go to the Yugoslav coffers; I want it to stay in the Macedonian coffers.

I demanded that sinners, because of the war and its influence, be tried before a people's court, and not stand before the wall of death...

At the Macedonian Ecclesiastical Assembly, I demanded that the Macedonian people have full

historical rights, to have their own autocephalous church... But some did not agree because they considered my view to be “a disruption of the Yugoslav people’s brotherhood and unity.”
I advocated the principle: Self-determination of the Republic of Macedonia until secession - and this was received by the commission for the adoption of the first constitution in 1946, like an atomic bomb.
All this, my brothers and sisters, “opened the door” for those who wanted to push me out, to whom I was a thorn in their eye, to find me guilty, with a stubborn attitude and defiant thinking.

My proposals and commitments were seen as an attack on the new measures and moves of the new state. Fierce criticism persuaded me and made me resign from the Presidium. With a heavy soul, I returned to Prilep to continue my work as a tailor but was not allowed to rest there either - history knows how to repeat itself many times. Now our UDBA has captured me.

And why am I guilty, you tell me? Am I guilty of pushing for the unification and for an independent Macedonia?

I am not afraid of anyone, and the least of those who until yesterday, as we fought in the mountains, sat at home warming themselves on the fireplace, and now they are counting our tobacco cans. Today they are the big Macedonians and even bigger Yugoslavs. I am not ashamed to say that I am a Macedonian and you should know that you will never be a Yugoslav, a Serb, a Bulgarian, a Greek or an

Albanian… You can't make cheese from marble, nor can you make a curds...

I hoped it would not be this way, and I did not deserve to be arrested and brought here like this. And so, I too have given something for this Macedonia... right!?

It is true that I wanted Macedonia to be united, every righteous Macedonian wants that. To have the right to self-determination. I did not hide this because I consider it my debt, as a Macedonian...

In the beginning the Serbians, then the Bulgarians, intimidated me, threatened me with murder, tried me, and imprisoned me, but I never dreamed that the Macedonians, my own people from Prilep, would boast of killing me and sending me to a dungeon, a Macedonian dungeon... Yes! I repeat, my people from Prilep judged me... and that was a tragic comedy of a trial with a paid audience... where I was ridiculed and humiliated.

But prisons, beatings and bullying have not changed my thinking about Macedonia. I have remained an honest Macedonian, principled and fully committed to the idea, to fight the occupiers and the difficult division of Macedonia. I am not important but my ideals are, which I will never abandon. I stood firm and held to my convictions.

I was set up by some vultures who, because of my effort, now speak Macedonian freely. I said, I was set up by some careerists, immoralists, spoiled bastards and disgusting people... and we, the honest idealists who fought for justice and truth, remain in prison to rot.

I spent five and a half years in solitary confinement - I had not seen the sun or the moon - they wanted to drain my brain. I even forgot to talk, and who was I going to talk to? To the rats and cockroaches... or to the lice?!

I know this is my fate as well as the uncertain fate of many of our Macedonians who, because of their patriotic ideals, have rotted and are still rotting in Serbian, Bulgarian, Greek and now Yugoslav prisons. A fate for which I had to pay, not that I deserved it… the verdict I received, as if for my "sins" that I am a traitor, a spy, a sinner, a collaborator with enemies and with foreign forces... For allegedly having escaped across the border and being arrested there, when in fact I was arrested at home, early in the morning, while my wife Vasilka and our children were sleeping.

It would have been better if they had erased me, extinguished my life. If they had cut off my hands I would not have been as hurt or sorry as I am by the slandering and accusations... with these accusations they are killing me over and over every day... cutting off parts of my pride... faith... hope... ideals... and love for what I fought for.

(Chento looks frustrated and frail - looks aroundanxiously. Vasilka, his wife's voice is heard.)

VASILKA: Oh, Metodi... Metodi...!

(A young man - his son runs to him and hugs him. The chains fall of his legs and arms - he raises his hands in a trance, expressing freedom.)

CHENTO: (*Shouts)* Ah Macedonia, Macedonia...

(The guard arrives and hands him a package wrapped in newspapers and tied with a string. The guard comes out and closes the prison door hard behind him with a loud scrape.)

THE SON: Come father... they are waiting for you at home...

CHENTO: At home... did you say at home... at my Vasilka and my dear children for whom I never had time... as if Macedonia needed me! (*He strokes his son's head*) They have grown up, and I have not seen them, neither have they seen me... The hardest thing for me was not to be able to cuddle them or kiss them... they have grown up in so much fear... they were like small deer in a dark forest afraid of the bloodthirsty wolves...

(They hugged and slowly headed towards the exit.)

THE SON: Father, give me the package, I will carry it?

CHENTO: (*He hesitates, handing it to him*) Here... it's a bit heavy...

THE SON: What are you carrying?

CHENTO: My life, my son, my life...

THE SON: Come; let's move a bit faster... before we miss the train...

CHENTO: Don't rush son... you have your whole life ahead of you... You are young go ahead in front of me, I will catch up to you...

(They exit – the scene darkens)

THE END

(October, 2015)
(Translated by Risto Stefov)



МОЌНО, ТРАЈНО, НЕЗАБОРАВНО

Со исклучителен сензибилитет, многу моќно, со извонреден творечки нерв и како „воин“ со речта, познатиот литерат и признат драматург **Душан Ристевски**, создал извонредно дело, инспириран од турбулентни настани, поврзани со главниот лик на овој монодрамски блик - а тоа е првиот претседател на првата слободна македонска држава **Методија Андонов Ченто**.

Во летописните страници на македонскиот историски незаборав, посебно место има делото, непокорот, визиите и трагиката на Ченто. Неговата животна драма се одигрува во средината на минатиот век и долго време беше табу-тема во заклучени архиви и тајновит молк. Таа тема била силен предизвик за истакнатиот автор Ристевски, кој ја обликува и ја компонира извонредно вешто, вообличувајќи ја во прекрасна монодрамска креација.

Овој негов драмски текст е своевиден историски хронопис и спојовник на дел настани од повоениот виор во турбулентни времиња. Во години, кога на политичкиот мегдан некои беа детронизирани, некои беа директно сместени меѓу неподобните, други спроведувани во занданите, а некои беа диригентите.

Методија Андонов Ченто марширал во првите ешалони на смели, непокорни и храбри дејци во битките за слободна и целовита етничка Македонија. Во ешалоните на визионери за подобра и посреќна утрешнина на својот народ и својата македонска држава. Но, таа посветеност и упорност, Ченто прескапо ја платил. Бидејќи беше сменет од највисоката

функција, деградиран и осуден на монтиран судски процес на единаесет затворски години и како трагичар заминува во вечноста.

Еден таков полит-искреиран заплет, една таква животна драма, многу умешно и успешно ја обликува во неговото театарско дело, а еве и на страниците од книгава, авторот. Отворајќи и помалку познати страници од не така далечното минато, што ќе биде оставнина и даренија и за идните потомци.

Душан Ристевски има извонредно богат, раскошен и квалитетен литературен опус. Со пораките и темите, со ликовите и сензитивниот пристап во повеќето од делата, допира до душата на својот род, кој век-векува во јужнопацифичките поднебја на австралискиот континент. Овековечува настани и разногенерациски животни стории, традиции, навики и одвики, разни битки за опстој и успех, радости и триумфи. Редок спецификум и раскошен талент. Трајни вредности се Душановите повеќе збирки поезија, повеќето драми и прозни дела.

Тој е роден во Македонија, на јужните поли на Европа, во убавата Битола, древен, конзулски град, распослан во рамното пелагониско поле, под пелистерските висови. Битола е со богат историски постамент, од пред антиката, за тоа време, и во вековите потоа, за што најверно сведоштво се записите, археолошките богатства и историскиот документариум. Па, кога Душан е на визита во родниот град, тогаш незаборавни се кафе - муабетите на Широк сокак и прошетките низ богатата чаршија, низ старите маала и новите видици. Инаку, нему, од млади години, животен пристан му е

белиот Сиднеј, распослан на 202 заливи, каде ги завршува универзитетот и магистериумот.

Неговите драми, како и оваа монодрама, се изведувани на повеќе сцени, пред многуилјадна публика, во Австралија, Македонија и на други места, секогаш проследувани и наградувани со рој комплименти, со аплаузи, со овации од публиката.

Колку впечатливи се рецензиите, освртите, разговорите и информациите во медиумите за неговото творештво. Тој направи вистински бум во театарскиот живот, како никој пред него од македонската заедница во Нов Јужен Велс и пошироко на петтиот континент.

Ристевски е лауреат на повеќе значајни награди и признанија. За книгата „Забранета љубов“ од 2010 година ја добива наградата „Иселеничка грамота“, а во 2011, за стихозбирката „Украдени мисли“ тој е носител на престижната награда „Стојан Христов“ што ја доделува познатата меѓународна манифестација Струшки вечери на поезијата. Застапен е во повеќе антологии и енциклопедии во Македонија, Австралија и Америка. Тој е основоположник на познатото Литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, кое е едно од најдолговечните во македонските иселенички средини во светот. Континуирано, оваа писателска асоцијација, е вистински столбовник и афирматор на убавиот македонски збор и на богатиот колаж национални достоинства.

Душан Ристевски е познато, признато, респектирано и докажано име - автор, активист, хуманист и виден мисионер на

културата. Тој е и доблесен роднокраен вљубеник во својата прва татковина Македонија, и горд припадник на својот народ, на своите сограѓани во втората татковина Австралија.

Фиданка Танаскова
новинар и публицист
Скопје, февруари 2020

POWERFUL, LASTING, UNFORGETTABLE

nspired by turbulent events, acclaimed literary playwright Dushan Ristevski, a warrior of the word, created a very powerful and remarkable monodrama about Metodia Andonov Chento, first president of the state of Republic of Macedonia.

Chento's work, defiance, vision and tragedy have a special place in the chronicles of Macedonia's history. Chento's living drama takes place in the middle of the last century and, for a long time, has been a taboo subject locked in archives and secret places. Taking on this theme was a strong challenge for Ristevski, who shaped and composed it with extraordinary skill, moulding it into a beautiful monodrama.

This monodrama is a historical chronology fused together with post-war events that take place during turbulent times. In those times, people were dethroned on the political threshold, some were placed directly among the ineligible, some were carried into the dungeons, and others became the conductors.

Metodia Andonov Chento was among the first echelons to march among the bold, disobedient and courageous men who fought in the battles for a free and united ethnic Macedonia. He was among the echelons of visionaries who struggled for a better and happier tomorrow for his Macedonian people and for his Macedonian state. Unfortunately Chento paid a high price for his dedication and persistence. He was ousted from office, dishonoured and sentenced to eleven years in prison and, as a person who lived a tragic life, disappeared into eternity.

A well-polished plot, a living drama, very skilfully and successfully shaped into a theatrical work, and here in the pages of this book. Opened here are lesser-known pages from the not so distant past, which will be a legacy and a gift to future generations.

Dushan Ristevski has an exceptionally rich and complex opus crafted with literary quality. With the messages and themes, with the characters and sensitive approach in many of the works, he touches the souls of his people who have long lived in the south pacific regions of the Australian continent. He perpetuates events and important generational life stories, traditions, habits and practices, various struggles for survival and success, joys and triumphs, with a specifically rare and lavish talent. Dushan's many collections of poetry, plays and prose works have lasting values.

Dushan Ristevski was born in Macedonia, at the southern poles of Europe, in beautiful Bitola, an ancient, consular town, spread out on the flat Pelagonia Valley, beneath the Pelister heights. Bitola has a rich historical pedestal spanning from ancient times through the centuries thereafter. The most faithful testimony of Bitola's past are the ancient inscriptions and archaeological treasures found there as well as its century's old historical accounts. When Dushan visits his ancestral homeland he visits the unforgettable old sights, the new sights, the cafes at Shirok Sokak and walks through the rich bazaar and old neighbourhoods. But for most of his life, since a young age, white Sydney has been Dushan's harbor, spread over 202 bays, where he finished university and earned his master's degree.

His plays, like his monodrama, have been performed on numerous stages, in front of thousands of audiences, in Australia,

Macedonia and elsewhere, always followed and rewarded by swarms of compliments, applause, and cheering.

The reviews, assessments, conversations and information in the media about his work are impressive. He has made a real boom in theatre life, like no other from the Macedonian community in New South Wales and beyond on the fifth continent.

Dushan Ristevski is a laureate of several significant awards and recognitions. For his 2010 book “Forbidden Love”, he received the “Emigrant Gramota” award, and in 2011, for his poem “Stolen Thoughts”, he was the recipient of the prestigious “Stoian Hristov” prize, awarded to him by the renowned international Struga Evenings poetry festival. Dushan has been chronicled in many anthologies and encyclopaedias in Macedonia, Australia and America. He is also the founder of the famous Grigor Prlichev Literary Association of Sydney, which is one of the longest-lasting active organizations in the Macedonian immigrant communities in the world. The Grigor Prlichev Literary Association is a true pillar and an affirmation of the beautiful Macedonian word and the rich collage of national dignities.

Dushan Ristevski is a well-known, recognized, respected and proven name - author, activist, humanist, visionary, and cultural missionary. He is also a virtuous lover of his first homeland, of Macedonia, and a proud member of his people, his fellow citizens of his second homeland, Australia.

Fidanka Tanaskova
Journalist and publicist
Skopje, February 2020

МЕТОДИЈА
АНДОНОВ
ЧЕНТО
(17.8.1902 - 24.7.1957)
www.dv.mk

Official publication

"...Верував во се, но не верував дека Македонците ќе ми судат за Македонија..."

- Методија Андонов Ченто -
1902 - 1957


1514
10-VIII-1946

ПОВТОРНО НА СУД
(На М. А. Ченто)

“...Верував во се,
но не верував дека Македонците
ќе ми судат за Македонија...”

Методија Андонов Ченто

Историјата се повторува
Сега некој друг го одлежува
Твојот аманет
Дали е тоа традиција
Или клетва
Гробот ти го разораа
Повторно
Коските да ти ги кршат
И да ти судат
Преку твоите внуци и правнуци
За да се сотре твојата мисла.

Македонија црна шамија ја обвитка
Да не се гледаат и слушаат тажачките
До вчера
Сталинистите и Титовистите
Денес Заевистите
Кои како некој џган не откорнуваат
(Не) Македонците
им судат на Македонците.

Душан РИСТЕВСКИ

AGAIN IN COURT
(To M. A Chento)

"...I believed in many things,
but I didn't believe that Macedonians
would be prosecuting me for Macedonia..."

Metodija Andonov Chento

History is repeating itself
now someone else is serving
your legacy
is that a tradition
or is it a curse
your grave was destroyed
again
to break your bones
and to judged you
through your grandchildren and great-grandchildren
to eradicate your beliefs.

Macedonia wore a black head kerchief
so as not to see and hear the mourners
until yesterday
the Stalinists and the Titoists
today the Zaevists
who, like some scum, are uprooting us
(Non) Macedonians
are prosecuting Macedonians.

Dushan RISTEVSKI

БИОГРАФИЈА ЗА ДУШАН РИСТЕВСКИ

Душан Ристевски е роден во 1954 год. во Битола, Македонија. Од 1973 година живее и работи во Сиднеј, Австралија.

Во Австралија завршил Виша социјална школа во 1985 год., дипломирал на Факултетот по социологија во 1991 год., а магистрирал во 1996 год. на Факултетот по социологија и хуманистика.

Автор е на стихозбирките: „**Полутици“** (1984) издадена двојазично на англиски и македонски јазик; „**Полутици-Фрагментс“** (1989); „**Страдалници на сонот“** (1992); „**Копча“** (2001); „**Цвеќе-Жена“** (2003); „**Украдени мисли“** (2009) и „**Забранета љубов“** (2009); драмите/монодрамите „**Страв и срам**“ (2007), „**Каменот од Роби“** (2018), „**Последниот Македонец**“ (2018),**Т’га за југ** (2020), **Празни надежи (Баба бегалка)** (2020), **Ченто** (2021); монодрамите: „**Мајка“**, изведена во Сиднеј и во Прилеп на Театарските игри „Војдан Чернодрински“ (1990), „**Ченто“,** изведена во Сиднеј и Волонгонг (2015/2016), „**Неда“**, изведена во Сиднеј (1996 и 2016), „**Каменот од Роби“**, изведена во Сиднеј (2018), „**Т’га за југ“**, изведена во Сиднеј (2019); драмите: „**Страв и срам“** (2008), „**Мр Балкан“** (ко-автор), (2009-10), **Стари и весели“** (2010), „**Раскол“** (2012), „**Остави ја свеќата да гори“** (2012), „**Борење со мечка“** (2013), „**Ограда“** (2014), „**Доктор Жими Мајка“** (2015), „**Куферот“** (2016), „**Баба се мажи“** (2016), „**Сонце мое“** (2017), „**Последниот Македонец“** (2018), „**Баба бегалка**“ (2019), сите изведени од Австралиско македонскиот

театар од Сиднеј. Застапен е со поезија во повеќе антологии во Австралија, Македонија и Америка.

Наградуван е повеќепати. Драмата „**Страв и срам“** во 2007 год. доби посебна награда за иновација за просвета во здравството. Со драмата „**Ограда“** се здоби со национална награда за култура во 2015 год. Владата на Нов Јужен Велс во 2015 год. го награди со посебна државна награда за унапредување на драмската уметност. Во 2015 година се здоби со наградата „Александар Македонски“ за животно дело во театарската уметност. За книгата поезија „**Забранета љубов“** во 2010, ја доби наградата **Иселеничка грамота,** а во 2011 година за книгата поезија „**Украдени мисли“** ја доби престижната награда „**Стојан Христов“** на СВП.

Душан Ристевски е основоположник на Литературното друштво „Григор Прличев“ (1978), на Австралиско македонскиот театар од Сиднеј (2007), член на Друштвото на писателите на Македонија, член на Друштвото на новинарите на Македонија и член на Македонското научно друштво од Битола.

DUSHAN RISTEVSKI

Dushan Ristevski was born in 1954 in Bitola – Macedonia. He migrated to Sydney in 1973.

Having completed his Diploma in Welfare Work in 1985 and Bachelor of Social Sciences in 1991, in 1996 he gained his Masters Degree in Counselling/ psychotherapy. Since 1991 he has been working as a Counsellor/Therapist in Sydney.

Dushan is published author of the following books of poetry: **Polutic**i (1984) republished bilingually**Polutic**i – **Fragments** (1989), **Dream-Agony** (1992), **Clasp** (2001), **Flower-Woman** (2003), **Stolen Thoughts** (2009), and **Forbidden Love** (2009); the dramas/ monodramas: **Fear and Shame** published in Macedonian (2006) and in English (2009), **The Stone of Robi** (Bilingual) (2018), **The Last Macedonian** (2019), **Longing for the South** (Bilingual) (2020), **Empty Hopes (Grandma Elopes)** (2020), **Chento** (Bilingual) (2021). He is an author of the following stage productions performed in Australia and Macedonia by the Australian Macedonian Theatre of Sydney: monodramas: **Mother**, performed in Sydney and in Prilep (Macedonia) at the VojdanChernodrinski Theatre Festival in 1990, **Chento** performed in Sydney and Wollongong (2015), **Neda**, performed in Sydney in 1996 and 2016, **The Stone of Robi** performed in Sydney (2018), **Longing for the South** (2019); dramas: **Fear and Shame** (2008), **Mr Balkan** (co-author) (2009), **Old and Happy** (2010), **Raskol** (2011), **Leave the Candle Alight** (2012), **Wrestling the Bear** (2013), **The Fence** (2014), **Doctor Dodgy** (2015), **The Suitcase** (2016), **Grandma's Getting Married** (2016), **My Sunshine** (2017), **The Last Macedonian** (2018), **Grandma Elopes** (2019). He has also published poetry in various anthologies in Australia, Macedonia and the United States.

For the play **Fear and Shame** in 2007 he was awarded with the St George Hospital and Community Health Service Award of Excellence for Innovation in Health Education and also the National Centre of Mental Health (2009) awarded Dushan for

promoting mental health. In 2015 he was awarded with the "Aleksandar the Great" Life achievement theatre award.The play **The Fence** in 2015 received the National marketing award for art and culture. In 2015 the State Government of NSW awarded Dushan for promoting art and culture. In 2010 his book of poetry **Forbidden love** was awarded with **Iselenichka Gramota** and in 2011 for the book **Stolen Thoughts** he received the prestigious award **Stojan Hristov** at the Struga International Poetry Festival.

Dushan is a founding member of the Macedonian Literary Association of Australia "GrigorPrlichev" (1978) and Australian Macedonian Theatre of Sydney (2007), member of the Writers' Association of Macedonia, the Journalists' Association of Macedonia and Macedonian Art and Science Society of Bitola.

MACTEL.COM.AU

РАЗГОВОР СО ДУШАН РИСТЕВСКИ ПО ПОВОД МОНОДРАМАТА ПОСВЕТЕНА НА МЕТОДИЈА АНДОНОВ-ЧЕНТО-СТРАДАЛНИК ЗА ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА

23.11.2015, 12:25:00

Австралиско македонскиот театар од Сиднеј во сабота 28 ноември со почеток во 19 часот во просториите на Hurstville Civic Theatre, MacMahon Street, Hurstville премиерно ќе се престави со најновото дело на драматургот Душан Ристевски „Ченто“.
Ликот на Ченто ќе го игра Васко Србиновски, а преставата ја режира Стефо Нанцу.

Што ве предизвика да напишете дело за Методија Андонов - Ченто?

Како што знаете Методија Андонов - Ченто беше претседател на привремената македонска влада за време на Втората светска војна кога Македонија беше окупирана од фашистите и монархофашистите на Германија, Бугарија, Италија и Грција како и прв претседател на македонската влада после формирањето на Република Македонија во склопот на југословенската федерација. Но после овој период тој не постоеше во македонската историја, како да испари од политичката сцена без некое објаснување. Секако неговите современици мошне добро знаеја дека подло беше отстранет и затворен во самица повеќе години но за нас од помладата генерација тој беше енигма и токму поради тоа се јави љубопитост кај мене да се истражува неговото дело. Лично бев шокиран кога ги читав, во 1990 година, написите во Нова Македонија од новинарката, инаку и таа како Ченто - Прилепчанка, Фиданка Танаскова, на која иако и се претеше поради написите, херојски истапуваше пребарувајќи во забранетиот архив и разговарајќи со Чентовите другари и соборци, изнесуваше факти кои дотогаш никој од нас не ги знаеше од прости причини што истите не беа достапни до јавноста.

Подоцна на една наша средба со Фиданка во Сиднеј 1991 година каде ми подари нејзина книга посветена за Ченто, ме поттикна да напишам монодрама за оваа личност за која многу малку се знаеше во македонската дијаспора. Иако текстот уште тогаш беше приготвен, услови немаше да се најде правиот актер да го одигра ликот на Ченто.

Што преставува Ченто за тебе како автор и што сакаш Македонците да научат од овој драмски приказ?

Да бидам искрен ова е голема обврска и предизвик не само за мене како автор туку и за актерот и режисерот правилно да се престави еден лик кој остави големо дело зад себе. За мене лично, проучувајќи го неговиот живот, сакам публиката да ја вратам во периодот кога не беше лесно да бидеш Македонец поготово кога сите соседи сакаа да грабнат делови од Македонија и да ја уништат македонската нација. Се формираше македонската државност а со тоа се работеше интензивно на македонскиот правопис, се формираа институции и установи, училишта и факултет, се воспостави правниот систем итн. итн. Токму Ченто беше на кормилото на македонската влада во која се донесуваа важни одлуки за опстанокот на македонската нација. Онака како што го разбрав неговото дело така и го преставувам, а и така би сакам да се прифати. За мене Ченто е еден идеолог за независна и обединета Македонија, идеолог за воспоставување демократска држава на Македонците кои самостално ќе ја решаваат својата иднина.

Значи Ченто имаше голема визија?

Точно, неговата визија делумно се оствари после повеќе од четири децении кога Република Македонија стана независна држава. Реков делумно, бидејќи тој секогаш настојуваше и се бореше за обединување на Македонија но за жал другите решаваа, а делумно и сега некои решаваат за иднината на Македонците. Верувам дека тој многу повеќе ќе постигнеше за македонската нација доколку не беше така подло отстранет токму од своите сограѓани, а секако под наредба на КП на Југославија. Неговиот живот трагично заврши но тој знаеше дека неговата борба не беше залудна.

Пишува: Иван Трпоски

MACTEL.COM.AU

СВЕТСКА ПРЕМИЕРА НА МОНОДРАМАТА ЧЕНТО

24.11.2015, 09:23:01

Монодрама ‘’Ченто’’
Текст Душан Ристевски
Режија Стефо Нанцу
Во изведба на Васко Србиновски
Александар Велики
Нагдради на Австралиско Македонскиот Театар

Наградуваниот Австралиско Македонскиот театар од Сиднеј ќе ги презентира своите „Александар Велики“ награди, и премиерната изведба на монодрамата Ченто, во саботата, 28 ноември во 19 часот во Civic Theatre, MacMahon Street, Hurstville. На овој завршен настан на 2015 Hurstville Discovery Festival на Заедницата на уметностите ќе присуствуваат и македонскиот амбасадор во Австралија, неговата екселенција г-дин Веле Трпевски.
Категории за наградите: Најдобар дебитант; Најдобра споредна женска улога; Најдобра машка улога; Најдобра актерка, Најдобар актер; Награда од публиката; и наградата за животно дело.
Драмскиот писател, автор и ко-основач, Душан Ристевски, рече дека монодрамата "Ченто" е во чест на контроверзниот идеолог, Методија Андонов, познат како Ченто, кој се бореше за обединета и независна демократска Македонија. Сепак, тој стана политички затвореник во својата земја и го поминал поголемиот дел од својот живот во српските, бугарските и југословенските затвори. Во текот на Втората светска војна тој формираше Македонска привремената влада и жестоко се бореше низ Македонија против германските и бугарските фашисти. По капитулацијата на Германија тој стана првиот претседател на Република Македонија во рамките на Југословенската федерација.

Но бидејќи неговата идеологија беше создавање на обединета и независна демократска Македонска држава, Комунистичката партија во Титова Југославија го отстрани од неговото претседателствување и го обвини за предавство и за соработка со Американците и нивните сојузници. Тој беше осуден на 9 години затвори од кои пет и пол години поминати во самица каде што бил тешко малтретиран. По неговото ослободување, тој умрел во сиромаштија од рак во 1957 година.
Драмата на Ристевски, во изведба на Васко Србиновски и режија на Стефо Нанцу фрла светлина на херојот и на дел од историјата што до неодамна беа скриени зад официјалниот превез на потиснување и срам.
Влезот е бесплатен, но потребни се резервации за целите на угостителството. Достапна бар услугата. Сите резервации и информации кај Душан Ристевски 0425 231 335.
Австралиско македонскиот театар од Сиднеј изразува голема благодарност за поддршката на Hurstville City Council.

MACTEL.COM.AU

ВО СИДНЕЈ ГАЛА ВЕЧЕР СО ВРВНИ УМЕТНИЧКИ КВАЛИТЕТ

30.11.2015, 12:00:00

Стефо Нанцу добитник на две врвни награди. Душан Ристевски награден за животно дело Австралиско-македонскиот театар од Сиднеј минатата сабота, 28 ноември, во преполнетиот театар на Hurstville Civic Theatre во Hurstville (предградие на Сиднеј) ја одржа својата Гала вечер при што се доделија награди за глума и театарска уметност под името „Александар Македонски“.
Исто така премиерно се изведе монодрамата ЧЕНТО од Душан Ристевски во режија на Стефо Нанцу, а во изведба на Васко Србиновски и Стефо Нанцу.
Со посебна изведба под името Аудиција настапија членови на Театарот, а музичкиот дел беше исполнет со настапи на КУД Илинден, како и познатите музичари Петко Чавкоски, Илија Ампевски и Божин Бојковски настапија со македонски традиционални инструменти кои ја воодушевија публиката.
На Гала вечерта присуствуваше и амбасадорот на Република Македонија Веле Трпевски. Жири комисијата во состав на Тони Радевски (познат режисер на кратки филмови), Радица Бојковска (новинар и продуцент на Радио SBS), Иван Трпоски (поет и писател) имаа одговорна работа да ги изберат најдобрите глумци во неколкуте категории од изведените драми „Ограда“ и „Доктор Жими Мајка“.
Исто така имаше награда по избор од публиката. Театарските награди Александар Македонски за глума за 2015 година ги добија следните лица:
Најдобра машка улога: Стефо Нанцу со улогата на Кевин во Ограда Најдобра женска улога: Јаворка Котевска со улогата на Петкана во „Др. Жими Мајка“.
Најдобра машка придружна улога: Петар Павловски со улогата на Петар во „Ограда“.

Најдобра женска придружна улога: Гордана Милошевска со улогата на Магда во „Др. Жими Мајка“.
Најдобар дебитант: Антонио Нешковски со улогата на Тони во „Др. Жими Мајка“.
Награда со избор од публиката: Стефо Нанцу со улогата на Кевин во „Ограда“. Награда за животно дело во театарската уметност: Душан Ристевски.
Оваа награда се додели по избор на членовите на Театарот.
Прекрасната изведбата на монодрамата „Ченто“ од врвниот артист Васко Србиновски, а со помош на Стефо Нанцу, не врати во минатото кога првиот претседател на Република Македонија Методија Андонов – Ченто, невино осуден, во затвот Идризово ги одлежуваше деновите во самица.
Трогателната слика на Ченто кој сонуваше да ја обедини Македонија, ја расплака публиката. Можам со воодушевување да оценам дека оваа улога за Васко преставуваше една од најпредизвикувачките и најтешките кои тој досега ги има одиграно на сцена.
Со оваа престава Театарот го проширува својот репертоар и покажува дека професионално умее да стави на сцена уникатно прекрасни престави. Водител на вечерта беше Валентина Апостоловска, а сценски директор Никола Апостоловски.
Добро е да се забележи дека покровители на драмското прикажување на „Ченто“ и Гала вечерта беа Др Гордана Цвејоска Стеванс и нејзината стоматолошка ординација Your Smile Centre, Македонското пензионерско друштво од Ферфилд и Прилепското социјално друштво од Сиднеј кои го носат името на Методија Андонов-Ченто.

Иван Трпоски

AUSTRALIAN MACEDONIAN

AUSTRALIAN MACEDONIAN
THEATRE OF SYDNEY

MACTEL.COM.AU

ПО ПОВОД 8-МИ МАРТ:ДОНАТОРСКА ВЕЧЕР ЗА БОРБА ПРОТИВ РАКОТ

15.03.2016, 21:30:15

Во организација на Македонското добротворно здружение од HJB со седиште во Волонгонг на 5 март во просториите на Македонскиот центар Sun Lounge се прослави интернационалниот ден на жените, 8-ми Март, а воедно се одржа и донаторска вечер за Центарот за рак на Илавара.
Поздравна реч одржа директорот на Македонскиот добротворниот центар, Верица Сајдовска, и директорот на Центарот за рак, професорот Dr Morteza Aghnesheh. Исто така поздравен говор одржаа, членот во федералниот парламент на Австралија Sharon Bird и членот во државниот парламент на Нов Јужен Велс, Anna Watson. Тие позитивно се изразија за организаторот, нагласувајќи дека македонската заедница секоја година организира вакви донаторски акции што покажува дека заедницата активно е вклучено во борбата против ракот во регионот Илавара каде живеат повеќе илјади Македонци.
Вечерта се собраа 5,433 долари како донација за Центарот за рак во Илавара. За културниот дел на програмата, поетесата Емилија Жупановска настапи со две поеми посветени на нејзината мајка која починала од рак пред неколку години. Тоа беше емоционален настап на кој присутните не останаа рамнодушни, солзите беа како потсетник дека секој втор во Австралија директно или индиректно е засегнат од тешката болест. Потоа настапи Васко Србиновски и Стефо Нанцу со монодрамата „Ченто“ со која не вратија на животот и трагедијата на борецот за македонско обединување, Методија Андонов Ченто. Одлична трогателна театарска изведба од најдобриот глумец во Австралија, инаку долгогодишен жител на Волонгонг, Васко Србиновски. Душан Ристевски

СОДРЖИНА – CONTENTS

ЧЕНТО (Монодрама)	3
CHENTO (Monodrama)	15
Фиданка Танаскова: МОЌНО, ТРАЈНО, НЕЗАБОРАВНО	27
FidankaTanaskova: POWERFUL, LASTING, UNFORGETTABLE	31
Повторно на суд	39
Again in Court	40
Биографија на Душан Ристевски	41
Biography of Dushan Ristevski	43
Објавени прегледи/разговори/статии Published reviews/interviews/articles	45